**Архивски број: 08-** 412/2
**Датум:** 22-04-2026

Врз основа на член 21 став (1) точка 15 во врска со член 23 став (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/20), на седницата одржана на 22.04.2026 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**СЕ ПОВЕДУВА постапка по службена должност за сознание добиено по допрен глас** против Министерството за спорт и Одбојкарската Федерација на Македонија (ОФМ) за утврдување директна дискриминација врз основа на пол во областа на образование, наука и спорт и пристапот до добра и услуги, односно поради неможност за остварување на правото и еднаков пристап до јавни средства и бенефиции во врска со државната парична награда за победниците на 33. издание од Купот на ОФМ 2026 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата покрена иницијатива за прибирање на информации поврзани со објава во јавни медиуми од 04.04.2026 година, согласно член 21 став (1) точка 15 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, во врска со носители на државни парични награди и разликата во сумата помеѓу машката и женската конкуренција за натпревар организиран под исти услови, каде машките и женските екипи остваруваат еднаков спортски успех. Објавата се наоѓа на следниот линк https://ms.gov.mk/mk-MK/odnosi-so-javnost/soopstenija/ministerstvoto-za-sport-dodeli-paricni-nagradi-za-pobednicite-vo-odbojkarskiot-kup и https://vfmkd.org.mk/2026/04/04/ministerstvoto-za-sport-gi-nagradi-pobedniczite-vo-kup-na-ofm-2026/.

Одбојкарската Федерација на Македонија (ОФМ) е организатор на настанот 33. издание од Купот на ОФМ 2026 година, додека Министерството за спорт е доделувач на наградите за натпреварот, како настан од делокругот на работата на Министерството. Натпреварот беше одржан во две конкуренции, машка и женска. За победниците во машката конкуренција, Министерството за спорт го награди победничкиот клуб 1.000.000 денари, додека победничкиот клуб во женската конкуренција го награди 500.000 денари.

Врз основа на член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја дискриминација врз основа на пол. Член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ја дефинира дискриминацијата како секое разликување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на пристапност и достапност на добрата и услугите.

Различниот третман се заснова на полот за пресметка на износот на државната парична награда и корисниците на исти државни награди ги дели на две групи, една група корисници во поповолна положба, односно победничкиот клуб од машка конкуренција, и друга група во неповолна положба, односно победничкиот клуб од женска конкуренција.

Согласно се напред наведено, Комисијата на седнциата одржана на 22.04.2026 година, земајќи ги во предвиди сите околности, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Скопје, 22.04.2026 година**

**Комисија за спречување и заштита од дискриминација**

**Претседател на Комисијата**
**Душан Томшиќ**

**Доставено до:**
- Министерство за спорт;
- Одбојкарска Федерација на Македонија;
- Архива на Комисијата.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk